**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕНСКИ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА

**Скопје, април 2010 година**

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕНСКИ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА

Член 1

Во Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија (“Службен весник на Република Македонија” број 39/2006 и 89/2008), во членот 1 став (1) по зборовите: “саден

материјал” се додаваат зборовите: “и материјал за размножување”.
Во ставот (1) заградата се брише и се додавата зборовите: “(во понатамошниот текст: семенски и саден материјал) од ”.
Во ставот (1) зборовите: “служба за сертифицирање” се заменуваат со зборовите: “надлежност на официјалениот орган за сертифицирање”.
Во ставот (1) зборот “дефинитивни” се заменува со зборот “референтни”.

Член 2

Во членот 4 став (1) точката 2 се менува и гласи:
„**2.Саден материјал** се цели растенија добиени со генеративно или вегетативно размножување, наменети за производство на овошје и грозје, градинарски и украсни растенија; ”
По точката 2 се додава нова точка 3, која гласи:
„**3.Материјал за размножување** е семе, делови од растенија или цели растенија вклучително и садни подлоги, наменети за размножување и производство на саден материјал од земјоделски растенија; ”
Точките 3, 4, 5, 6, 7 и 8 стануваат точки 4, 5, 6, 7, 8 и 9.
По точката 9 се додава нова точка 10, која гласи:
„**10.Европска заедничка сортна листа** е сортна листа на земјите членки на Европска унија. ”
Точките 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20 и 21 станиваат точки 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22 и 23.
Точката 13 се менува и гласи:
„**13.Генетски модифициран организам (**во понатамошниот текст: **ГМО)** е секој организам вклучувајќи го секој микроорганизам, со исклучок на човечките суштества, во кој генетскиот материјал е променет на начин кој природно не се случува со процесите на размножување и/или природна рекомбинација. Како ГМО се смета и комбинација од ГМО;” -Мислење од МЖСПП- Дефиниција од Закон за ГМО Сл. в.бр.35/08.
Точката 22 станува точка 24 која се менува и гласи:
„**24.Официјално сертифицирање и етикетирање на семенски и саден материјал** е издавање на сертификат и етикети за пакувањата; ”
По точката 24 се додаваат две нови точка 25 и 26, кои гласат:
„**25.Официјален орган за сертифицирање** е правно лице на кое му е дадено јавно овластување за стручна контрола на поле и во лабораторија на семенскиот и садниот материјал;
**26.Сертификат** е документ со кој се потврдува извршената официјална сертификација на семенски и саден материјал од земјоделски растенија; ”
Точките 23, 24, 25, 26 и 27 стануваат точки 27, 28, 29, 30 и 31.
Точката 29 се менува и гласи:
„**29.Ген банка** е институција во која се чува и одржува семенскиот и садниот материјал на дивергентни популации и автохтони видови, со цел да се заштити биодиверзитетот и чување на референтни примероци на семенски и саден материјал од земјоделски растенија; ”
По точката 31 се додава нова точка 32 која гласи:
„**31.VCU тест** е постапка за испитување на производната и употребната вредност на нови сорти земјоделски растенија; ”
Точките 28, 29, 30, 31, 32 и 33 стануваат точки 33, 34, 35, 36, 37 и 38.

Член 3

Во членот 5 став (1) зборовите: “ги пласира на пазарот.” се заменуваат со зборовите: “се наменети за трговија.”
Ставот (4) се менува и гласи:
„(4) Снабдувачите ќе се запишат во Регистарот на снабдувачи доколку имаат вработено најмалку едно лице со високо образование од земјоделски науки - соодветна насока, земјоделско земјиште, опрема, деловни простории и соодветни магацински простории.”

Член 4

Членот 6 се менува и гласи:
„(1) Упис во регистрите на снабдувачи на семенски и саден материјал не е задолжителен за производителите на мали количини на семенски и саден материјал на определени видови наменети за лична употреба.
(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува видовите и количините на семенски и саден материјал од ставот (1) на овој член.”

Член 5

Во членот 8 ставовите (5) и (7) се менуваат и гласат:

„(5) Ако семенскиот и садниот материјал од сорти за земјоделски растенија е третиран со производ за заштита на растенија, производот за заштита на растенија треба да биде означен на етикетата од амбалажата.

(7) Семенскиот и садниот материјал се произведува под контрола на Управата, која со сертификат потврдува дека семенскиот и садниот материјал ги исполнува условите за трговија.”

Во ставот (9) по зборот “е” зборовите: “соодветно спакуван, деклариран и етикетиран” се заменуваат со зборовите: “сертифициран, соодветно спакуван и етикетиран. ”

Во ставот (10) зборот “декларирањето” се заменува со зборот “сертифицирањето”.

Ставот (11) се менува и гласи:

„(11) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува начинот на пакувањето, препакувањето и етикетирањето, формата и содржината на етикетата, начинот и постапката за официјална сертификација на садниот матријал, како и условите во поглед на сортната чистота и квалитетот на садниот материјал од одделни видови земјоделски растенија.”

Член 6

Во членот 9 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Семенски и саден материјал од видови и сорти земјоделски растенија може да се стават во трговија само доколку сортата е запишана во националната сортна листа или во Европската заедничка сортна листа, со исклучок на семенски и саден материјал од овошните растенија, украсните растенија, саксиско цвеќе, мицелиум за размножување на габи и семе од треви кои не се наменети за семенска мешавина. ”

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Семенски и саден материјал од овошни и украсни растенија може да се стават во трговија ако сортата е запишана во националната сортна листа или ако сортата е општо позната или е заштитена во согласност со прописите кои ја регулираат заштитата на нови сорти или ако на пропишан начин е запишана во списокот на сорти кој го води снабдувачот. Управата врши контрола и евиденција на списоците од снабдувачите. ”

Ставот (2) станува став (3).

Член 7

Во членот 10 став (1) зборовите: “житни, фуражни, репа, градинарски, маслодајни и влакнодајни растенија, компир и винова лоза” се заменува со зборовите: “земјоделски растенија. ”

Член 8

Во членот 11 став (3) зборот “на” се заменува со зборот “не”.

Член 9

Во членот 16 став (2) зборовите: “хемиски средства” се заменуваат со зборовите: “производи за заштита на растенијата”.

Член 10

Во членот 17 во став (1) по зборот “извештај” се додаваат зборовите: “и го достават до Управата во рок од 30 дена”

Во ставот (2) по зборот “извештај” се додаваат зборовите: “во рок од 30 дена”

Во членот 17 по ставот (3) се додава нови стави (4), (5), (6) и (7), кои гласат:

„(4) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за извршување на определени работи во однос на стручната контрола на семенски посеви, односно насади и земање на мостри за испитување може да овласти физички лица кои има завршено високо образование од земјоделски науки, со три години работно искуство во областа на селекцијата, семепроизводство и генетиката на земјоделските растенијата, врз основа на јавен конкурс.

(5) Контролата и мониторинг над спроведувањето на јавните овластувања над физичките лица од ставовите (2) и (4) на овој член за нивното работење го врши Управата. Овластувањето може да биде одземено доколку носителот на јавното овластување повеќе не

ги исполнува условите или работи во спротивност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и поради што министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го раскинува договорот.
(6) Исполнувањето на условите и спроведувањето на постапката за јавен конкурс од ставот (4) на овој член ги утврдува комисијата што ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.
(7) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по давање на овластување од ставот (4) на овој член склучува договор со физичкото лице кое добило овластување. "

Член 11

Во членот 18 ставовите (1), (2) и (3) се менуваат и гласат:
„(1) Снабдувачот е должен на Управата и на овластеното правно лице од членот 59 став (1) или овластеното физичко лице од член 17 ставовите (2) и (4) на овој закон, да ги пријави посеаните површини со семенски и саден материјал на сорти на земјоделски растенија, а овластеното правно лице му издава "Сертификат за извршена стручна контрола на произведениот семенски и саден материјал".
(2) За секоја количина семе што ги исполнува условите за сертифицирање од членот 8 став (6) на овој закон, овластеното правно лице од ставот (1) на овој член издава "Сертификат за квалитетот на семето на земјоделски растенија".
(3) Управата на снабдувачот му се издава "Сертификат за конечно сертифицирано семе" врз основа на сертификатите од став (1) и (2) од овој член и/или "Сертификат за конечно сертифициран саден материјал" врз основа на сертификатот од став (1) на овој член од страна на Управата или правно лице кое е овластено од Управата во рок од 15 дена. "

Член 12

Во членот 19 ставот (3) се менува и гласи :
„(3) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство издава решение за ослободување од обврската за сертификација."

Член 13

Во членот 20 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:
„(1) Сертификат за конечно сертифицирано семе од семенска мешавина од житни и фуражни растенија врз основа на сертификат за извршена стручна контрола на произведениот семенски материјал и сертификат за испитување на квалитетот на семенскиот материјал на компонентите на мешавината издава Управата или правно лице кое е овластено од Управата во рок од 15 дена.
(2) Снабдувачот кој е производител на семенска мешавина од житни и фуражни растенија поднесува барање до Управата за добивање на сертификат од став (1) на овој член. "

Член 14

Во членот 23 ставот (1) се менува и гласи:
„(1) Сертифициран семенски и саден материјал што се става во трговија се обележува со официјални етикети издадени од Управата или правно лице кое е овластено од Управата и со етикети на снабдувачот. "
По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:
„(4) Трошоците за издавање на официјални етикети од став (1) на овој член се на товар на снабдувачот.
(5) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го пропишува начинот и висината на надоместокот за издавање на официјални етикети."

Член 15

Во членот 24 по зборот "под" се додава зборот "ист".

Член 16

Во членот 26 ставот (3) се менува и гласи:
„(3) Семенскиот и садниот материјал од видови и сорти на земјоделски растенија од членот 9 на овој закон, може да се увезува доколку сортата е запишана во националната сортна листа и Европската заедничка сортна листа со исклучок на овошните и украсните растенија и доколку се исполнети условите од ставовите (1) и (2) на овој член.
Во ставот (4) по зборот "листа" се додаваат зборовите: "и Европската заедничка сортна листа"

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:
„(5) Семенски и саден материјал од овошните и украсните растенија може да се увезуваат доколку сортата ги исполнува условите наведени во член 9 став (2) на овој закон. ”

Член 17

Во членот 28 ставот (1) се менува и гласи :
„(1)Увозникот е должен пред увозот секоја пратка на семенски и саден материјал за земјоделски растенија, да ја пријави на државен фитосанитерен инспектор за инспекциски преглед.”
Во ставовите (5), (6), (8), (9) и (10) зборот “фитосанитарниот” се заменува со зборовите: “државниот фитосанитарен”
Ставот (7) се менува и гласи:
„(7) Доколку се исполнети условите за увоз од членот 26 на овој закон, државниот фитосанитарен инспектор по извршениот преглед дозволува увоз на семенски или саден материјал. “

Член 18

Во членот 29 став (1) по зборовите: “страна на ” се додава зборот “државниот ”.

Член 19

Во членот 30 став (1) зборот “фитосанитарниот” се заменува со зборовите: “државен фитосанитарен ”, а зборовите: “видови на” се заменуваат со зборовите: “видови и ”.

Член 20

Во членот 33 став (3) зборот “контролорите” се заменува со зборовите: “овластените правни и физички лица за стручна контрола на семенски посеви”.
Во ставот (4) зборовите: “апробаторите на посеви на семе” се заменува со зборовите: “овластените правни и физички лица за стручна контрола на семенски посеви”.
Во ставот (4) зборот “апробација” се заменува со зборот “контрола”.

Член 21

Во членот 34 ставот (1) се менува и гласи:
„(1) Национална сортна листа е официјален список на видови и сорти од земјоделски растенија. Во националната сортна листа задолжително се запишуваат сорти од поледелски и градинарски растенија, сорти од винова лоза, како и овошните и украсните растенија доколку ги исполнуваат условите пропишани со овој закон. ”

Член 22

Членот 37 се менува и гласи:
„(1) Управата ја запишува сортата во национална сортна листа доколку:
- Сортата има DUS – тест, VCU – тест и име согласно со член 41 од овој закон или
- Сорти со заштитена географска ознака на потекло (екотип) или општо позната.
(2) Сортата доколку е генетски модифицирана, Управата ја запишува во националната сортна листа доколку ги исполнува условите за упис од став (1) алинеа 1 на овој член, да е во согласност со прописите за генетски модифицирани сорти и да не е штетна за здравјето на човекот, животните, животната средина и природата. ”

Член 23

Во членот 41 ставот (3) се менува и гласи:
„(3) Името на сортата може да биде променето по претходно барање на снабдувачот на семенски и саден материјал доколку името на сортата е променето од носителот на селекционерското право на сортата за што министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство издава решение и го објавува во “Службен весник на Република Македонија”и во Билтенот кој го издава Управата.”

Член 24

Во членот 43 ставот (1) се менува и гласи:
„(1) По добиените резултатите од испитувањата, Управата или правно лице кое е овластено од Управата врши статистичка обработка на истите и проверува дали се исполнети условите од членот 37 став (1) алинеја 1 на овој закон. ”
Во ставот (2) зборот “алинеја 2 ” се менува со зборот “алинеја 1”.

Член 25

Во членот 44 во став (1) зборот "Управата" се заменува со зборовите: "министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство".

Член 26

Во членот 46 став (3) по зборот "непроменети," се додаваат зборовите: "министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство".

Член 27

Во членот 47 во насловот пред зборот "Бришење" се додаваат зборовите : "Постапка за"
Во ставот (1) по зборот "решение" се додаваат зборовите: "од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство."
Во ставот (4) зборот "дефинитивни" се заменува со зборот "референтни".

Член 28

Во членот 48 став (1) алинеја 2 по зборот "сортата," се додаваат зборовите: "пред истекот на важноста на решението, "
По алинеја 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:
„ - престаната е важноста на селекционерското право или е поништено селекционерското право, "
Алинеја 4 станува алинеја 5.
Во ставот (2) зборот "Управата" се заменува со зборовите: "министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. "

Член 29

Во членот 51 став (1) по зборот "листа" се додаваат зборовите: "доколку со закон е заштитена географската ознака на потеклото. "
Во ставот (3) зборот "дефинитивниот" се заменува со зборот "референтниот".

Член 30

Членот 52 се менува и гласи:
„ Запишувањето и продолжувањето на важноста на сортите во националната сортна листа се врши со решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а Управата го објавува во "Службен весник на Република Македонија" и Билтенот на Управата. "

Член 31

Во членот 54 во став (1) зборот "дефинитивен" се заменува со зборот "референтен".
Во ставот (2) зборот "дефинитивните" се заменува со зборот "референтните".
По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:
„(3) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува количините, условите и начинот на чување на референтните примероци од видови и сорти на земјоделски растенија, како и начинот на работа на ген-банката. "

Член 32

Во членот 55 ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Комисијата за испитување на сортата и национална сортна листа на земјоделски растенија се состои од осум члена и претседател. Од редот на Управата (четири), од стручни и научни установи (пет). Претседателот се избира од членовите на комисијата и мандатот на комисијата е четири години. "
Во ставот (3) зборовите "алинеја 2 " се бришат.

Член 33

Во членот 56 став (6) зборовите: "Комисијата за националната сортна листа на земјоделски растенија." се заменуваат со зборовите: "Комисијата за описна листа на препорачани сорти за поледелски растенија, Комисијата за описна листа на препорачани сорти за овошни растенија и винова лоза и Комисијата за описна листа на препорачани сорти за градинарски, ароматични, зачински и лековити растенија."

По ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:
„(9) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство формира комисија за описна листа на препорачани сорти за поледелски растенија, комисија за описна листа на препорачани сорти за овошни растенија и винова лоза и комисија за описна листа на препорачани сорти за градинарски, ароматични, зачински и лековити растенија.”
Ставот (9) станува став (10)
По ставот (10) се додаваат два нови става (11) и (12), кои гласат:
„(11) Комисиите од став (9) од овој член се составени од пет члена: од редот на Управата (двајца) и од стручни и научни установи (три). Претседателот се избира од членовите на комисијата и мандатот на комисијата е четири години.
(12) За работата на комисиите од ставот (9) од овој член следува надоместок на членовите од стручните и научните установи, кој го утврдува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. ”

Член 34

Во членот 57 став (1) по зборот “сертифицирање” се додава зборот “етикетирање,” .

Член 35

Во членот 59 став (3) зборот “Управата” се заменуваат со зборовите: “министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. ”
Во ставот (7) по зборот “врши” се додаваат зборовите: “Државниот инспекторат за земјоделство и”.
Во ставот (8) по зборовите: “давање на” се додаваат зборовите: “решение за” .

Член 36

Во членот 60 став (7) по зборовите: “давање на” се додаваат зборовите: “решение за”.

Член 37

Во членот 66 ставот (6) се менува и гласи:
„(6) Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на физичкото лице за дествијата од став 1 на овој член. ”
По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:
„(7) На физичкото лице, покрај глобата од став (6) ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање и уништување на семенскиот и садниот материјал. ”

Член 38

Во членот 67 ставот (6) се менува и гласи:
„(6) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на физичкото лице за дествијата од став (1) на овој член. ”
По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:
„(7) На физичкото лице, покрај глобата од став (6) ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање и уништување на семенскиот и садниот материјал. ”

Член 39

Во членот 67-а ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоци предвидени со овој закон Државниот инспекторат за земјоделство води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците. ”

Член 40

По членот 67-а се додаваат два нови члена 67-б и 67-в, кои гласат:

„Член 67-б

Глоба на самото место за правни лица

Глоба на самото место ќе се изрече на одговорното лице во правното лице во износ од 600

евра во денарска противвредност за прекршок ако:

- Става во трговија семенски и саден материјал кој не е етикетиран , пакуван или нецелосно етикетиран (член 23),
- Става во трговија семенски и саден материјал без конечен сертификат ( член 18),
- Не го пријави целото производство на семенски и саден материјал до Управат во предвиденоит рок ( член 18).

Член 67-в

Глоба на самото место за физички лица

Глоба на самото место ке се изрече на физичко лице во износ од 200 евра во денарска противвредност за прекршок ако:

- Произведува, увезува и стави во трговија семенски и саден материјал без да биде запишан во Регистарот за снабдувачи на семенски и саден материјал ( член 5),
- Става во трговија семенски и саден материјал без конечен сертификат ( член 18),
- Става во трговија семенски и саден материјал без официјални етикети (член 23). ”

Член 41

Членот 71 се брише. ЗАКОНОДАВСТВО ДА КАЖЕ????????????

Член 42

Законодавно-правната комисија да подготви пречистен текст на Законот за семенски и саден материјал за земјодески растенија (“Службен весник на Република Македонија бр.39/06 и 89/08”)

Член 43

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.